ОПШТИНА
**КРИВА ПАЛАНКА**

ГРАДОНАЧАЛНИК
**АРСЕНЧО АЛЕКСОВСКИ**

365/ДЕЛА

# ОТЧЕТ
# за 2013 година



**ОТЧЕТ ЗА СРАБОТЕНОТО ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ОД МАРТ 2013 ДО ФЕВРУАРИ 2014 ГОДИНА**

www.krivapalanka.gov.mk



Почитувани кривопаланчани!

Како и во изминатиот период, повторно излегувам пред Вас со извештај за сработеното во општината Крива Паланка за изминатите 365 дена.

По завршувањето на локалните избори во месецот Март 2013 година, кога го добив вториот мандат во првиот изборен круг, извршувањето на функцијата Градоначалник на Општина Крива Паланка го продолжив со уште позасилено темпо со цел да ги остварам проектите со кои излегов, пред Вас граѓаните на Крива Паланка.

Во изминатиот период интензивно се работеше на сите надлежности на локалната самоуправа, а особено се видливи активностите на полето на комуналната инфраструктура и културните активности во рамки на добиениот статус на Крива Паланка како Град на културата за 2013 година.

Во самата Програма за локалните избори, наведовме дека со читањето на оваа програма секој граѓанин на Крива Паланка ќе го препознае проектот што го предложил, а кој е оправдан и остварлив, бидејќи програмата ја направивме заеднички со Ваши идеи, преточени од реализираните Денови на идеи, непосредни контакти и другите начини на остварена комуникација за подобро утре на сите нас.

Програмата ги опфати сите надлежности на општината, а 11 проекти се предвидени како приоритети. Денеска можеме да истакнеме дека за овие 365 дена целосно реализиравме 4 од предвидените приоритетни проекти и тоа: набавивме нови возила со опрема за ЈП“Комуналец“ Крива Паланка, извршивме доизградба на спортскиот комплекс со повеќенаменско игралиште, ги реконструиравме и ги рехабилитиравме патните правци Крива Паланка село Конопница-село Мождивњак и Крива Паланка-село Мартиница (преку населбата Скрљава и Цонев Рид), а со проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со кредит од Светската банка, преку Министерството за финансии на РМ ги изградивме и ги реконструиравме следните седум улици „Горан Стојановски“, „Климент Охридски“, „Никола Тесла“ - основна траса, „Никола Тесла“-лев крак, „Осоговска“ (крак 1 и крак 2), „Пиринска“ и „Наско Тамбурков“ во Крива Паланка.

Ова непобитно докажува дека ги реализираме капиталните инвестиции што ги ветивме и тоа во предвидените рокови. Ова исто така значи и дека до 2017 година ќе реализираме и многу проекти што не се предвидени во програмата, а се потребни за сите нас.

Ја потврдивме оправданоста за прогласувањето на Крива Паланка за Град на културата за 2013 година. Досега се реализирани околу 180 настани - театарски претстави, ликовни изложби, литературни промоции, концерти, филмски ревии и многу други културни содржини.

Ова е плод на домаќинско и отчетно работење и горд сум што можам да истакнам дека сиве овие проекти што се наведени во отчетот не претставуваат ново задолжување на општината, туку и покрај нивната реализација, долгот на општината е намален за повеќе од 100.000 евра.

Овој отчет е наменет за Вас граѓаните Вие да дадете свој суд и своја оценка. Вие мора да знаете каде и за што се потрошени вашите пари. Тој претставува извештај за ветеното, оствареното, потрошеното во изминатата година како и најава за понатамошните активности.

**Ваш Градоначалник**
**Арсенчо Алексовски**

# КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Во изминатата година Крива Паланка ја зафати градежна офанзива и општината претставуваше вистинско градилиште, сето тоа во насока за подобрување на комуналната инфраструктура. Реализиравме проекти за изградба и реконструкција на бројни градски, приградски улици и локални патишта. Преку проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со кредит од Светската банка, а преку Министерството за финансии досега завршивме 7 од предвидените 9 улици, а исто така во тек е изградбата на мостот на Куков Дол. Преку овој проект исто така набавивме и три нови возила со опрема за реализација на секојдневните потреби на Јавното претпријатие „Комуналец" Крива Паланка. Во овој период се изградија и неколку локални патишта и тоа: општинскиот пристапен пат спој М2 – „Стамболиска маала - маала Деловодци" во селото Конопница, локалниот пат во с. Градец од училиштето кон испосницата на "Св. Јоаким Осоговски", локалниот пат Крива Паланка - село Мартиница преку населбата „Скрљава" и „Цонев Рид", го завршивме и патот Крива Паланка преку селото Конопница кон селото Мождивњак, како и други проекти кои се ветени и реализирани.

# ПРОЕКТ „ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ"

Проектот се реализира со кредит од Светската банка, преку Министерството за финансии од кои на Општина Крива Паланка и се одобрени околу 50.000.000 денари. Околу 40 милиони денари се наменети за подобрување на транспортната и патната инфраструктура, а 10 милиони денари се употребени за набавка на нови возила и опрема за ЈП „Комуналец" - Крива Паланка. Преку проектот се извршени следните активности на улиците како што е наведено:

На улицата **„Горан Стојановски"** извршено е проширување на трасата, изработка на постелка, тампонирање, одводнување и асфалтирање на коловозот во вкупна должина од 390 метри и ширина од 5 метри, во вредност од 4.600.000 денари.











На улицата **„Климент Охридски“** извршено е проширување на трасата, изработка на постелка, тампонирање, одводнување и асфалтирање на коловозот во вкупна должина од 277 метри и ширина од 5 метри во вредност од 3.400.000 денари.






На улицата **„Никола Тесла“ - основна траса** извршено е отстранување на постојната калдрма, дотерување на постелката, тампонирање и асфалтирање на улицата во должина од 209 метри, а исто така решено е и одводнувањето во вредност од 3.135.000 денари.

На левиот крак на улицата **„Никола Тесла“** извршено е изработка на постелка, тампонирање и асфалтирање на улицата во должина од 111 метри, а исто така решено е и одводнувањето во вредност од 1.068.000 денари.







На улицата **„Осоговска“ (крак 1 и крак 2)** извршена е изработка на постелка, тампонирање и асфалтирање на улицата во должина од 560 метри, изградени се потпорни ѕидови и атмосферска канализација во вредност од 6.200.000,00 ден.

















На улицата **„Пиринска“** извршено е отстранување на постојниот асфалт во должина од 320 метри, тампонирање и повторно асфалтирање, како и решавање на атмосферските води во вредност од 2.660.000 денари.






На улицата **„Наско Тамбурков“** извршено е пробивање на дел од трасата, изработка на постелка, тампонирање и асфалтирање на улицата во должина од 518 метри, изградени се потпорни ѕидови во должина од 130 метри и поставена е атмосферска канализација во вредност од 5.771.000 денари.







Општината истовремено набави **три целосно опремени нови возила** за потребите на ЈП „Комуналец“ и тоа градежна машина скип марка “JCB“, мултифункционална машина “AVANT“ и трактор со приколка, кои претставуваат специјализирана градежна механизација за извршување на комунални и јавни услуги како што е одржување на постојната водоводна и канализациска мрежа и отстранување на разни дефекти, изградба на потребната инфраструктура, зимско одржување на локалните патишта и улици во општината, како и за други потреби. Со ова во голем дел ќе се решат секојдневните проблеми, а истовремено се овозможува и своевидна заштеда на финасиски средства која општината ги одвојуваше за испорака на овие услуги, како и подобрување на квалитетот и квантитетот на работите. Вредноста на набавените возила е околу 10 милиони денари.













Го реализиравме проектот **за асфалтирање на дел од патниот правец Крива Паланка - с. Мартиница, преку населбата Скрљава и Цонев Рид** со должина од 1130 метри, кој се реализира во рамките на програмата на Владата на Р. Македонија за реконструкција и рехабилитација на локалната патна инфраструктура со средства обезбедени од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР). Жителите на населбата Скрљава и Цонев Рид по долги децении исчекување, конечно добија нов асфалтен пат. Вредноста на проектот е околу 6.000.000 денари.






Со **тампонирање и решавање на одводнувањето на локалниот пат во с. Конопница кон месноста викана Крст**, општината Крива Паланка изврши реконструкција на локалниот пат во селото Конопница на делницата од постојниот асфалтен пат кон местото викано Крст. Со градежните работи беше решено и одводнувањето на атмосферските води со изградба на канал за одведување на истите, изградени сливници и напречни пропусти, како и тампонирање на патот во должина од 1200 метри. Средствата во износ од 2.000.000 денари беа обезбедени од Бирото за регионален развој и буџетот на општината Крива Паланка.






**Реконструиран е патниот правец Крива Паланка-село Конопница-село Мождивњак** во должина од околу 6,5 километри и ширина на коловозната лента од 3.5 метри. Со реконструкцијата на овој локален патен правец се решија голем дел од проблемите што ги имаше населението во поглед на транспортната инфраструктура. Патниот правец Крива Паланка-село Мождивњак, преку селото Конопница, се асфалтира во рамките на програмата на Владата на Р. Македонија за реконструкција и рехабилитација на локалната патна инфраструктура, со средства од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР). Вредноста на проектот е околу 15.000.000 денари.













Го реализиравме проектот **„Изградба на општински пристапен пат спој М2–Стамболиска маала-маала Деловодци“** во селото Конопница во должина од 1.200 метри. Изградбата на патот опфати проширување на трасата на постојниот земјен пат, изработка на постелка, тампонирање и асфалтирање и канализирање на атмосферски води. Проектот беше финансиран од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој и од Буџетот на општина Крива Паланка во вредност од околу 5.000.000 денари.











**Нов асфалт е поставен во с.Градец кон испосницата на "Свети Јоаким Осоговски„** во должина од 350 метри. Претходно преку проектот„Под едно небо" се асфалтираше 1 километар од патот, партерно се уреди овој локалитет и се извршија бројни истражувања и промоции, а сè во името и славата на светецот Јоаким Осоговски. Финансиските средства за проектот се обезбедени од Буџетот на општината и од Бирото за регионален развој во вредност од 1.200.000 денари.









Во изминатиот период се работеше и на **други градежни активности**. Беше изградена бетонска пешачка патека со должина од 150 метри и ширина од 1.60 м во населбата „Скрљава", беше изграден пешачки мост преку Крива Река што ги поврзува велосипедската патека со спортскиот комплекс, се изградија потпорни ѕидови на повеќе улици во изградба - „Наско Тамбурков", „Никола Тесла", „Јоаким Крчовски", како и на патниот правец "маала Стамболици – маала Деловодци" во с. Конопница.







Општината Крива Паланка во текот на 2013 година двапати изврши градежни активности за **санација и замена на оштетените асфалтни површини на локални патни правци и градски улици** заради подобро одвивање на сообраќајот и тоа еднаш во месец Март веднаш по изборите и во текот на Ноември и Декември 2013година. Се работеше на улиците „Јоаким Крчовски" , „Наско Тамбурков" на површина од 600 м$^2$, на улицата „8-ми Октомври" на површина од 500 м$^2$, на улицата „Ратко Минев" на површина од 600 м$^2$, на улицата „Херој Карпош" на површина од 440 м$^2$, на улицата „Лозановска" на површина од 338 м$^2$, на улицата „Гоце Делчев" на површина од 400 м$^2$. Поставивме нов асфалтен слој на дел од локалниот пат во с.Луке, а исто така извршивме и замена на делови од оштетената коловозна конструкција на патот на делницата од Крстов Дол - до училиштето во с.Луке.










Со градежни работи за **изградба и регулација на Белевски Дол** извршивме канализирање на водата со трапезен канал во ширина на врвот од 4.60 метри и на дното од 2.40 метри. Регулацијата е извршена со камени плочи и бетон со изградба на бетонски каскади со висина од 1.5 до 3 метри. Исто така се изградени пристапни скали до улицата „Свети Јоаким Осоговски", како и премин (армирано-бетонски плочест пропуст), со што се обезбеди пристап кон населбата„Мечковци", а се постави и метална ограда на скалите и на дел од коритото. Градежните активности се финансирани од страна на општината Крива Паланка и Министерството за заштита на животна средина во вредност од 6.000.000 денари.













**Во населбата „Бавчалак“ го изградивме новиот рекреативно - забавен парк со фонтана.** За реализација на оваа активност беа изградени 2 големи потпорни ѕидови за оформување на паркот и истиот партерно беше уреден со бекатон плочки, светилки, клупи, чешма и фонтана со проточна вода. Паркот хортикултурно е уреден со тревна површина и засадување на дрвја. Со ова, жителите на Крива Паланка, а особено на населбата „Бавчалак“ добија нов простор за одмор и рекреација. Вредноста на проектот е околу 1.200.000 денари со средства обезбедени од Буџетот на општината Крива Паланка.







Го реализиравме проектот **„Велосипедски патеки за граѓаните и посетителите на Ќустендил и Крива Паланка“**. Патеката се протега по течението на Крива Река во должина од 1.200 метри. Самиот проект за изградба на патеката опфати трасирање, тампонирање, асфалтирање, осветлување, поставување на клупи, корпи за отпадоци, хортикултурно уредување и поврзување со спортскиот комплекс. За олеснување на комуникацијата и пристапот на неколку точки од патеката се поставени метални монтажни скали, со што се овозможи побрз пристап до патеката, а со поставувањето на пешачкиот мост преку Крива Река, патеката се поврза со спортскиот комплекс. Освен инвестицискиот дел преку проектот е изработена студија и формирана е база на податоци за состојбата на природните ресурси во прекуграничниот регион, а се дадени предлог-мерки за унапредување на животната средина. Проектот е финансиран од ИПА-програмата за прекугранична соработка во вредност од 14.152.000 денари.













**Само во делот на комуналната инфраструктура во општината Крива Паланка во овој период се инвестирани околу 90.000.000 денари.**

# УРБАНИЗАМ И ЖИВОТНА СРЕДИНА



Општината Крива Паланка во изминатиот период изврши **измени и дополнувања на Деталниот урбанистички план за дел од урбан блок 11 (локалитет Кланица до Скрљавски Дол).** Овој детален урбанистички план ги опфаќа објектите на Кланицата, на Шумското стопанство, како и објектите на поранешната фабрика Карпош. Опфатот на ДУП е со површина од 12,65 хектари. Исто така е донесен и **Детален урбанистички план за локалитетот кај Плацот на Пелагонија** за површина од 1.08 хектари. Со овој план на еден дел е предвидена изградба на верски објект – црква, а останатиот е наменет за лесна незагадувачка индустрија.

Изработка на **физибилити-студија за изградба на спортско-рекреативен туристички центар „Калин Камен“.** Општината Крива Паланка има многу природни богатства и културно-историски знаменитости. Во досегашниот период конкретна активност за искористување на овој потенцијал воопшто не беше преземена. Како што ветивме во програмата, започнавме со изработка на проект и физибилити-студија за спортско-рекреативен туристички центар „Калин Камен“ на Осоговските Планини, со целокуп–ната инфраструктура, хотели, скијачки терени и други слични содржини. **Студијата за развој на спортско-рекреативниот туристички центар „Калин Камен“ со идејно-урбанистичко решение** беше презентирана во Ноември 2013 година. Во студијата се дефинирани три зони за зимски туризам и тоа: зона „Калин Камен“, зона „Царев Врв“ и зона „Сокол и Руен“, како и зона за вили и други сместувачки капацитети, спорт и рекреација, чија локација и опфат треба да се утврдат дополнително. Околу манастирот Свети Јоаким Осоговски предвидена е зона за културен туризам која соодветно инфраструктурно би била поврзана со останатите зони дефинирани во студијата. Со студијата се опфатени 193 км$^2$ или 40,14% од територијата на општината. Истата е финансирана со средства од буџетот на Р.Македонија преку Бирото за регионален развој и Центарот за развој за североисточниот плански регион.








Востановената практика за **спроведување на еколошки акции** продолжува и понатаму. Пример за тоа е реализација на проектот „Да ја исчистиме Крива Паланка за еден ден“, во која масовно учество земаат сите граѓани на Крива Паланка. Основна цел на акцијата е да се исчисти и да се разубави животната околина со масовно вклучување на граѓаните, правните лица, училиштата, организациите и институциите од општината Крива Паланка. Учесници во акцијата беа околу 3000 граѓани кои се распоредеија на околу 200 локации. Локалната самоуправа на овој начин исполни една од своите основни задачи - грижа за животната средина. Исто така се спроведе и еко-акцијата „Македонија без отпад 2013“ на 21 локација, а по иницијатива на Асоцијацијата за чиста животна средина „Ајде Македонија“ и со поддршка на Министерството за животна средина и просторно планирање. Целта на акцијата е да се исчисти отпадот фрлен на несоодветните места и да се подигне свеста кај граѓаните за правилно управување со него. Во акцијата се вклучија општината Крива Паланка, ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка, основните училишта „Јоаким Крчовски“ и „Илинден“, СОУ „Ѓорче Петров“, Детската градинка „Детелинка“, Казнено-поправната установа во Крива Паланка, ЈП „Македонски шуми“, Дирекцијата на заштита и спасување, Центарот за управување со кризи во Крива Паланка и други институции.




Ајде Македонија!





Продолжуваме со **спроведување на традиционалната акција „Ден на дрвото – Засади ја својата иднина“**. Акцијата се спроведе на две локации, на локалитетот „Присој“ меѓу населбата „Бегови Бавчи“ и населбата „Мезовски ливади“ и покрај велосипедската патека долж коритото на Крива Река. Во акцијата се вклучија вработените од општината Крива Паланка, ЈП Комуналец, ЛУ Градски Музеј, вработени од други институции, како и учениците и вработените од СОУ „Ѓорче Петров“ и од двете основни училишта „Јоаким Крчовски“ и „Илинден“.

# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Согласно со своите заложби за активна партиципација на граѓаните во процесот на креирање на локалните политики **ги спроведовме Деновите на идеи, предлози и проекти** од 18 до 22 Ноември 2013 година. Граѓаните ги поднесоа своите идеи скоро за сите области на надлежност на локалната самоуправа, како што се комуналните работи, урбанизмот, образованието, спортот, културата, како и развојот на мали и средни бизниси и слични теми од економијата и др. Секоја издржана идеја, предлог, проект, мерка, потреба на граѓани, беше сериозно разгледана и вметната во годишните планови и програми на општината Крива Паланка.





**Одржавме Форум на работодавачите** од општината со претставници на Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување, претставници од локалната самоуправа и работодавачи од Крива Паланка. Во насока на успешно имплементирање на политиките за вработување на локално ниво, на присутните работодавачи им беа презентирани активните програми и мерки за вработување. Работодавачите имаа можност да дадат свои забелешки, предлози и сугестии, коишто можат да бидат вградени во Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2014 година.

**Пуштена е во употреба Инфо-точка на ЕУ**. Со ова Крива Паланка станува дванаесеттата Инфо-точка на ЕУ во Република Македонија, преку која граѓаните ќе можат да се информираат за историјата, функционирањето, структурата и за другите вредности на Европската унија. Инфо-точката на ЕУ свечено беше пуштена во употреба по повод Денот на Европа – 9-ти Мај, а истовремено, на градскиот плоштад се одржа голем европски хепенинг со промотивни пултови, на кои беа претставени земјите-членки на Европската унија Бугарија, Романија, Полска и Белгија. Овие држави-членки на ЕУ беа претставени бидејќи општината Крива Паланка има склучено договори за соработка односно збратимување со градовите Самбревил од Белгија, Млава од Полска, Лугож од Романија и Дупница од Бугарија.










# ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА, СПОРТ И МЛАДИ

Продолжуваме со проектот **„Општината ги стипендира најдобрите“**, односно четири стипендии доделивме на талентирани ученици-средношколци и четири на талентирани студенти, кои учат односно студираат во училиштата/факултетите во Република Македонија. Стипендијата е во висина од 3.000,00 денари месечно, а се исплаќа 9 (девет) месеци во годината.

**Трибини за неформално образование.** Во изминатиот период беше одржана трибина за подигнување на свеста кај младите за претприемништво со презентација на „Стратегијата за интегриран прекуграничен економски развој“, која е дел од проектот **„Бизнисот нема граници“,** финансиран од ИПА-Програмата за прекугранична соработка меѓу Бугарија и Македонија 2007-2013. Основна цел на проектот е да се поддржи претприемништвото преку иновативна билатерална соработка меѓу активните економски чинители - претприемачи, МСП, фармери, НВО и локалните власти од областа Ќустендил од Р. Бугарија и североисточниот регион од Р. Македонија. Проектот претставува дополнителен стимул на луѓето за нови бизнис-идеи и заедничка соработка на двата прекугранични региона, брендирање на регионот, развој на човечки ресурси, промоција на автентични производи и креирање на нова понуда, бизнис-комуникација, нови технологии и друго. Покрај презентацијата на стратегијата, беа реализирани посети на успешни фирми и бизнис-средби меѓу македонски и бугарски претприемачи од регионот, кои разменија искуства и договорија идна соработка.






**Спортски комплекс.** Продолжуваме со доизградба на современиот спортски комплекс. Претходно ги изградивме и веќе се користат тениското игралиште и повеќенаменската спортска сала. Во изминатиот период од 365 дена го надополнивме спортскиот комплекс со изградбата на повеќенаменското спортско игралиште и изготвивме проект за партерно уредување на просторот.

Во досегашниот период кривопаланчани го користеа старото повеќенаменско руинирано игралиште, сиромашно со опрема, со целосно оштетен асфалт и сосема небезбедно за користење. Со **изградба на повеќенаменско спортско игралиште** нашите сограѓани добија ново повеќенаменско спортско игралиште кое е асфалтирано, оградено и на него се поставени сите потребни спортски содржини и опрема (голови, кошеви, одбележување на теренот и слично), кои ги задоволуваат светските спортски стандарди.









Изготвивме и проект **за партерно уредување на просторот во рамки на спортскиот комплекс, кој набргу ќе биде реализиран.** Проектот предвидува поголем број на спортски содржини во рамки на спортскиот комплекс, како и реконструкција и подобрување на постојните содржини. Предвидена е изградба на мини-терен за голф, скејт-парк, помошни патеки, трибина кај мултифункционалното игралиште, трибина кај фудбалското игралиште, тротоар покрај кејскиот ѕид, поставување на урбана опрема и хортикултурно уредување.





Во насока на развивање на училишниот спорт, **поставивме нови алуминиумски спортски трибини во ООУ „Јоаким Крчовски“**. Спортските трибини се донација од Голден Алуминиум Продуктс Инкорпорејтед застапувани од македонските претставници Максалус од Крива Паланка. Трибините се поставени во дворот на училиштето на кошаркарското и на повеќенаменското игралиште, а седум подвижни трибини се сместени во салата за пинг-понг на училиштето. Вредноста на донацијата е 24.457,оо долари. Трибините се наменети за потребите на образовниот процес, за поттикнување на спортот и останатите културни и забавни активности на учениците, и најважното, ќе можеме да навиваме и да ги бодриме нашите спортски таленти.







**Селото Жидилово го доби долгоочекуваното реконструирано спортско игралиште.** Стариот дотраен и руиниран асфалт на спортското игралиште во с. Жидилово беше целосно заменет, каде беа вградени 570 м$^2$ нов асфалт.





Оваа година **петти пат по ред го реализиравме Релито „Калин Камен".** Колоната од џипови и мотори тргна од плоштадот во Крива Паланка и мина низ прекрасните предели на Осоговските Планини - Мождивњак, Острец, Бари, Костадиница, Бабина чешма, Царев Врв, Алтн чешма, Калин Камен сè до манастирот Свети Јоаким Осоговски. Оваа година за прв пат беше посетено и Кнежевското Езеро од хидро-системот „Злетовица". Учесниците на релито, вљубеници во авантура и овој спорт, имаа можност да уживаат во недопрените убавини на Осоговието, да ја почувствуваат и да понесат со себе дел од магијата на планината. Должината на патеката е околу 80 километри, од кои 80 отсто е неасфалтиран пат, а највисоката точка до која се вози е Царев Врв (2.085 метри), втор врв по височина на Осоговието.









# ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Крива Паланка е препознатлива по производството на висококвалитетен компир. Затоа извршивме промоција на препознатливите кривопаланечки компири со манифестацијата „Компиријада", која се одржа на градскиот плоштад на поставени штандови со црвен и бел компир произведен во Осоговието. Беа изложени специјалитети од компир, се читаа текстови за компирот и се одржаа натпревари во брзо лупење компир и лупење најдолга лушпа од компир. Посетителите имаа можност да слушнат и за благотворните дејства на компирот, неговото користење како лек и кулинарски трикови за приготвување јадења од компир. Компиријадата беше збогатена со настапот на фолк-пејачот Круме Спасовски, а настапија и вокално-инструменталниот состав „Распеани паланчани", КУД „Фолклористи" и хорот при Црвениот крст од Крива Паланка.












Одржавме обуки за аплицирање од ИПАРД-програмата. Стопанската комора на Македонија во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство одржа бесплатна презентација на ИПАРД-Пограмата на тема **„Новите можности за реализација на вашите инвестициски проекти согласно со ИПАРД-програмата". На обуката беше даден осврт** и подетално запознавање со поволностите за реализација на инвестициските проекти. Претставници од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој одржаа презентација за ИПАРД-програмата и подетално ја објаснија мерката 322 „Обнова и развој на селата" и мерката 323 „Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја", а беше разгледана и мерката 101 „Инвестиции на земјоделските стопанства за преструктуирање и надоградба до стандардите на ЕУ".





# КУЛТУРА

Крива Паланка е прогласена за „Град на културата за 2013 година“. Овој статус заслужено го доби преку континуираното одржување на културни настани и активности. Преку богатата програма што беше изготвена од страна на организацискиот одбор на манифестацијата, а по добиените предлози од граѓаните, како никогаш досега, се реализирани околу 180 настани - театарски претстави, ликовни изложби, литературни промоции, концерти, филмски ревии и многу други културни содржини. Како примери ќе ги наброиме „Фестивалот на традиционалната култура од прекуграничниот регион Ќустендил – Крива Паланка“, ,,Баскерфест 2013“, гостување на хрватскиот фолклорен ансамбл КУД „Осијек 1862“, прослава на петгодишнината од возобновувањето на старградското друштво „Распеани паланчани“, гостувањето на бразилската фолклорна група, „Летната школа по архитектура“, меѓународен конкурс за карикатури.














Во чест на заштитникот на градот – Свети Јоаким Осоговски се одржаа Фолклорниот и Театарскиот фестивал, Ликовната и Копаничарската колонија. На градскиот плоштад ни гостуваа Силви Бенд и актерот Илија Струмениковски со мјузиклот „Песни од Коштана". Ги проследивме и концертот на кумановскиот џез-состав „JAZZ O'BELL", настапот на руските вокален ансамбл „Чајка", промоцијата на книги од Тивериополската филмска алијанса, промоција на романот „Монотонија", изложбата на создадените дела од фотографска работилница, изложбата на битолска градска облека, изложбата на народни носии, везови и накит од Кривопаланечко, изложбата на карикатура од бугарски автори Ха,ха,ха, Регионалниот фолклорен фестивал за дечиња од предучилишна возраст, беа прикажани театарската претстава „Женско царство" во изведба на театарот Колозов, стендап-кабарето од неповторливата Весна Петрушевска Бејби и многу други настани и промоции.
















По повод христијанскиот празник Свети Јоаким Осоговски - патронот и заштитник на градот Крива Паланка, во периодот од 25 до 27 август **го проследивме деветтото издание на Меѓународниот фолклорен фестивал „Св. Јоаким Осоговски“.** Фестивалот започна со дефиле на учесниците, кои со своите колоритни носии и интересни кореографии го привлекоа вниманието на посетителите кои имаа можност одблиску да уживаат во изворниот фолклор карактеристичен за поднебја од каде доаѓаат. На ова фестивалско издание, кое траеше три дена, учествуваа фолклорни ансамбли од Романија, Белгија, Северен Кипар, Турција, Србија, Бугарија и од Македонија.






















**Меѓународниот театарски фестивал „Св. Јоаким Осоговски“** ја преполни салата на Центарот за култура во сите осум фестивалски вечери и покажа дека кривопаланчани умеат и сакаат да живеат со театарот, дека се достојна и верна публика, љубопитна и жедна за секоја нова драмска приказна. Ретроспективно, на годинешнава театарска сцена можеа да се видат претставите: „Грев или шприцер“ - Драмски театар од Скопје; „ПМС – Пост машки стрес“ во изведба на Народниот театар „Јазавац“ од Бања Лука-Република Српска; „Малограѓанска свадба“ - Народен театар „Стерија“ од Вршац – Република Србија; „Да ги смениме жените“ - Народен театар „Славија“ од Белград –Република Србија; „Рима“ - Културен центар „Акорд“ од Никшиќ – Република Црна Гора; „Како минав сношти“ - Народен театар „Невена Коканова“ од Дупница – Република Бугарија; „Од кол на кол“ - Народен тетар „Војдан Чернодрински“ од Прилеп – Република Македонија и „Ѕвезди и таленти“ - Уметничка работилница „Призор“ од Белград – Република Србија. Македонскиот актер Страшко Милошевски е годинешен лауреат на фестивалот.







На второто издание на **рок-фестивалот „Џои фест“,** неколкуилјадната публика уживаше во изведбата на Момчило Бајагиќ-Бајага со Инструктори, а настапија и „Конкеринг лајон“, бендот „Ептен“, „Смоки шејкерс“, „Фулиш грин“, „Вертиго“, како и локалниот бенд „Партали“. Едноставно кажано - настан за паметење.









Во Центарот за култура во Крива Паланка по втор пат се одржа **“Гоце Фест“.** Посетителите на фестивалот имаа можност да уживаат во нови родољубиви и патриотски македонски песни со фолклорна мелоритмика и богато историско минато на македонскиот народ. Претходно одржаниот Гоце Фест 2013 година беше одбележан со теми поврзани со јубилеите и одбележувањата во 2013 година -110 година од Илинденското востание, 110 години од загинувањето на Гоце Делчев, 120 години од основањето на историското ВМРО и 100 години од поделбата на Македонија во Букурешт.











Го реализиравме проектот за **заокружување на целината на објектот на Градскиот музеј Крива Паланка со уметничка галерија со изложбен простор.** Со реализацијата на проектот, Крива Паланка за прв пат во историјата добива модерен галериски простор од 90 $м^2$, кој ќе се користи за презентирање на тековните уметнички и музејски изложби. Градската уметничка галерија ќе функционира како составен дел на ЛУ Градски Музеј – Крива Паланка. Реконструкцијата на просторот за Градската уметничка галерија е финансиран од Норвешката амбасада во Белград од Амбасадорскиот фонд во висина од 50.000 евра, преку проектот „Уметност без граници – основање на Градска уметничка галерија", чии носители беа општината Крива Паланка и ЛУ Градски Музеј – Крива Паланка.



**Градски часовник е поставен на новиот административно–деловен објект,** кој се гради во кругот на општинската зграда на Крива Паланка. Со поставувањето на градскиот часовник го возобновуваме нашето културно-историско наследство и традиција што ја имала камената саат-кула за означување на точното време, по кое се ориентирале кривопланчани. Кулата била изградена по основањето на градот во 1633 година и била во функција сè до 50-те години на минатиот век. Новиот часовник има четири страни, одѕвонува на секој час, започнувајќи од 07.00 наутро, па сè до 21.00 часот навечер.





По возобновувањето на „Невестинското поклонение на Свети Теодор Тирон“ во селото Конопница, Организацискиот одбор на оваа културна манифестација под покровителство на општината Крива Паланка, распиша **Меѓународен конкурс за карикатура на тема „Снаа – свекрва“.** На конкурсот се јавија 87 автори од 28 земји, почнувајќи од Иран,Турција, Кина, Узбекистан, преку Аргентина Бразил, Канада сè до Израел, Мароко, Нигерија... коишто на конкурсот за карикатура доставија 187 творби. Успешноста на меѓународниот конкурс за карикатура е во големиот број на пријавени реномирани автори од самиот светски врв на листата на најдобри карикатуристи со импозантно портфолио и квалитетни пристигнати дела. Како придружна манифестација на „Невестинското поклонение во чест на Свети Теодор Тирон“, овој меѓународен конкурс на карикатура ќе го подигне нивото на оваа веќе реномирана културна манифестација.











Работиме и на развој на копаничарството во градот. Во просториите на Центарот за култура беше отворена ретроспективна изложба по повод 20 години од Меѓународната копаничарска колонија „Св.Јоаким Осоговски“. Копаничарската колонија е во организација на Здружението на копаничарите на Македонија и се одржува традиционално од 15 до 22 јуни во манастирскиот комплекс „Свети Јоаким Осоговски“. Копаничарите творат претежно на ореово и крушово дрво, а мотивите се од македонската флора и фауна, религијата и опкружувањето на манастирот. Во наредниот период се планира и основање на резбарска школа.





Горди сме и даваме поддршка на **Меѓународната ликовна колонија „Св. Јоаким Осоговски“,** која оваа година се одржа по 27 пат. Меѓународната ликовна колонија „Св. Јоаким Осоговски“ секоја година се одржува од 5 до 15 септември во манастирот Св. Јоаким Осоговски, а оваа година учество зедоа 15 уметници од Аргентина, Австралија, Украина, Србија, Бугарија, Шведска, Турција и од Македонија, чиишто 30 дела ја надополнија богатата збирка на колонијата од над 700 уметнички слики. Годинешното издание на колонијата мина во знак на сеќавање на нашиот академски сликар Никола Иванов – Балтон, кој заедно со Петар Мазев и Димитар Стојчевски во 1987 година ја основале колонијата.

**Го реализиравме проектот „Културно наследство на нашите предци – духовен столб на нашата заедничка европска иднина“,** финансиран од Европската унија преку ИПА-програмата за прекугранична соработка меѓу Република Македонија и Република Бугарија. Станува збор за сеопфатен проект чија првенствена цел е регистрирање и зачувување на културно-историското наследство од прекуграничниот регион, но исто така и анимирање и активно вклучување на поновите генерации, а особено младите, во зачувувањето и заживувањето на старите традиции. Проектот е фокусиран околу три главни активности: обемно кабинетско и теренско истражување, организирање на дводневен фестивал на традиционалната култура од прекуграничниот регион Крива Паланка- Ќустендил и организирање на дводневен семинар „Културно наследство без граници“.









# БЕЗБЕДНОСТ И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

Претставници од Територијалната противпожарна единица од Крива Паланка учествуваа на натпреварот во извлекување на жртви при сообраќајни незгоди, кој се одржа од 4 до 6 јули 2013 во Ливерпул, Велика Британија. Тие беа дел од тимот на Република Македонија, кој се состоеше од 7 пожарникари и тоа по двајца од Крива Паланка, Тетово и Струмица и еден пожарникар од Штип. Во натпреварот учествува 44 тима од Велика Британија и 4 меѓународни тима од Шпанија, Турција, Австрија и од Македонија. Македоскиот тим ја изврши задачата со одлично постигнато време и освои 408 поени, кои, според стандардите за оценување на тимовите, беа едни од највисоките во светот. Оценувањето се вршеше во три посебни дела, каде се оценуваа командирот на тимот, техничкиот дел од тимот и медицинскиот дел на тимот. За учество на натпреварот македонскиот тим доби плакета за добро извршената вежба.






# СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СОЦИЈАЛНА ПРЕВЕНЦИЈА

Се грижиме за **промоција на еднакви можности** меѓу мажите и жените и унапредување на човековите права. Целта е намалување на нееднаквостите и промовирање еднакви можности за мажите и за жените, да се подобри статусот на жената во локалната заедница, а приоритетни области за работа се човековите права, социјалната заштита, здравјето, вклучување во одлучувачките процеси, вработување и свеста за улогата на жената во семејството. Во оваа насока исто така се одржа предавање на тема „Жената и нејзините права, родовата рамноправност и информирање за механизмите за заштита на кршењето на тоа право". Едукативното предавање беше организирано од страна на општината Крива Паланка и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на општината Крива Паланка.






Ја негуваме активната **соработка со Здружението на пензионери и трудови инвалиди.** Оваа соработка се одвива на повеќе начини и со повеќе активности. Вршиме редовни посети и одржуваме состаноци во кабинетот на градоначалникот и во пензионерскиот клуб. На состаноците ги презентираме досегашните реализирани и тековни проекти и активности, а истовремено се вршат консултации за реализација на идни проекти, се даваат предлози и сугестии за унапредување на животот во општината. Од страна на пензионерите се изразува задоволство и благодарност за нивното вклучување во процесот на донесување на одлуки на локално ниво.





Организиравме многубројни доброволни крводарителски акциии. По повод Денот на крводарителството во општината се одржаа пригодни свечености, со кои им се оддаде признание на кривопаланечките крводарители за нивната покажана хуманост. За таа цел, градоначалникот Алексовски и локалната самоуправа организираа свечен прием и коктел во општината и им го честитаа празникот на дарителите на најдрагоцената течност.

*Почитувани сограѓани,*

*Крива Паланка е град на кој му треба реализација на вистински и неопходни проекти. Потребна е волја и љубов, но и образ да се реализира она што е ветено. Со овој отчет делумно ги прет–ставивме реализираните проекти во Општина Крива Паланка.*

*Истовремено ја користам оваа можност да ги најавам и покрупните проекти што планираме да ги реализираме во наредниот период и тоа:*

- изградба на улицата Биљинска, локалниот пат с. Лозаново крак 1 Дивјанска маала и довршување на изградбата на мостот на Куков Дол




*проект за изградба на ул. Биљинска*



*проект за изградба на локалниот пат с.Лозаново крак 1 Дивјанска маала*

- изградба на водоснабдителниот систем Станечка Река со доопремување на фабриката за вода




*проект водоснабдителниот систем Станечка река и фабрика за прочистување на вода*

*-довршување на административно-деловниот објект*



*Слика претходно*



*Слика од новиот административно деловен објект*





*Изградба на мостот во Куков Дол*

*- изградба на мињор коритото на дел од течението на Крива Река,*



*Проект за мињор коритото*

*-изградба на дел од канализацината мрежа во с. Мождивњак во должина од 6.5 километри*



канализациона мрежа за с. Мождивњак

*- изградба на плоштадот „Карпошово востание“ пред општината Крива Паланка*



*- продолжување со изградбата на мали хидроелектрични централи на доводните цевководи на водоводот „Калин Камен“ и „Станечка Река“,*

*и други проекти.*

*За крај Ве повикувам сите Вас да се вклучите во зедничкото креирање на понатамошниот развој на нашата општина со Ваши предлози и Ваши идеи, бидејќи заедно можеме да постигнеме повеќе, со единствена цел - подобар живот на секој кривопаланчанец.*

*Да продолжиме заеднички да оствaруваме за доброто на Крива Паланка.*

*Искрено Ваш,*

*Градоначалник на општината Крива Паланка*

***Арсенчо Алексовски***

www.krivapalanka.gov.mk